Врз основа на член 383 став 3 и 4 и член 407 од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Собранието** на Друштвото на својата седница одржана на **25.12.2014** година, ја донесе следната :

# ОДЛУКА

**За утврдување на записничар на седница на Собрание**

1. Записникот за работа на Собранието на Друштвото кое се одржува на ден **25.12.2014 година (Четврток)**, ќе го води **Нотар Мери Весова**.

2. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.

3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донсеувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно член 407 од Законот за трговските друштва, за работата на собранието се води записник, кој содржи податоци определени во истиот член. Членот 383 став 4 од Законот за трговските друштва определува дека доколку собранието одлучува за измена на податок кој согласно член 298 од истиот закон се запишува во трговскиот регистар, записникот го води нотар. Поради претходно споменатото Друштвото испрати писмена покана до Нотар Мери Весова за водење на записник на предметното собрание. Предметната покана беше официјално прифатена од страна на Нотарот.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

____________________________

**Татјана Димов**